**Известување за концентрација со која Телеком Србија АД Белград, Република Србија ќе стекне поединечна контрола над МОНДО ИНЦ ДОО, Република Србија**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 23.07.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на поединечна контрола од страна на Телеком Србија АД Белград, со регистрирано седиште на улица Таковска број 2, Белград, Република Србија над друштвото МОНДО ИНЦ ДОО, со регистрирано седиште на улица Влајковиќева 8, приземје, пошта Белград 04, 11103 Белград, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Телеком Србија АД Белград** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а од услугите што ги дава, ги издвојуваме услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

Телеком Србија АД Белград има едно поврзано правно лице на територија на Република Северна Македонија:

- Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

**МОНДО ИНЦ ДОО** е регистриран давател на медиумски услуги, кој произведува и дистрибуира медиумска содржина преку три различни канали (тв, печатени весници и дигитални веб-страни), како и обезбедува рекламни услуги и управува со интернет портали.

МОНДО ИНЦ ДОО нема поврзани правни лица на територијата на Република Северна Македонија.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазарот за производство и емитување на ТВ програма.

По однос на **географскиот пазар** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како територијата на Република Северна Македонија.

По однос на **релевантниот пазар** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазарот за производство и емитување на ТВ програма.

Врз основа на прелиминарното испитување, Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

25.07.2024 година, Скопје